## 28. РОДОТ ЛЕШКОВИ ОД ТЕТОВО И СКОПЈЕ, ПОТОМЦИ НА ЈОВАН ( ред. бр. 03 од Табела бр. 23 ) ОД ВТОРИОТ СВЕШТЕНИЧКИ РОД ОД ЛЕШОК -ЛЕШКООЈ ОДНОСНО ПОПООЈ

Фамилијата Лешкови е една од ретките фамилији кои го носат името на фамилијата по името на родното село. Така, оваа фамилија се презиваат Лешкови по Лешок од кој потекнува нивниот корен.

Поводот, односно мотивот што се обидов да трагам по родот Лешкови е што го носат презимето на основа на нивното потекло кое е од Лешок и што, како и мојот род и нивниот род има свештеничка традиција. Интерсено е објаснувањето-приказната како го добиле презимето Лешкови и дека е врзано со времето на Кирил Пејчинович кога ја градел црквата Св. Богородица и кога имал идеја да го дозаокружи Лешочкиот манастир. Така, Јоан или Гаврил имал ливада која била до дворот на Лешочкиот манастир. Кирил сакал да го заокружи комплексот и ја побарал ливадата и за сметка на тоа им дал благослов народот да гиословува Лешкови односно да носи презиме нивниот род Лешкови, на основа на потеклото од Лешок. Секако дека потомците на овој род имаат чест да го имаат и да го пренесуваат презимето Лешкови од колено на колено по машка линија и веќе еден век ова презиме се пренесува и постои.

Но, мослам дека оваа верзија на приказна не е многу издражана, туку, коренот на иметона родот Лешкови треба да се бара во претходните векови кај нивните претци. Имено, според турските пописи од 16 век, во второто маало во Лешок има 5 имиња Лешко. Јас мислам дека традицијата на пренесување на имињата од претците на потомците и добивањето на името на родовите било по некое име на некој машки предок. Така, и името на родот Лешкови се створил според името Лешко кое го имале повеќе нивни претци, кое е евиденторано во турските пописни тефтери од 15 и 16 век ( извор: ред. бр. 22 и 23).

За турските пописни тефтери од 1467-68 и 1568-69 повеќе пишувам во поднасловот 10.2 од оваа книга и во поднасловот 22-Црквите во Лешок и соседните села, каде пишувам и давам фотокопие од турскиот попис од 1568-69 ( извор: ред. бр. 22 и 23).

Симо Лешков ми даде објаснување дека кога дошол Јован од Лешок во Тетово тој се занимавал со трговија, но, најповеќе со зеленашки работи т.е. давал пари на заем со високи камати и така многу се збогатил. Бидејќи потекнувал од Лешок сите му се обраќале со Лешко и така се оформило и се прифатило презимето Лешкови. Не знам и не сум сигурен дека и оваа верзија е најиздржана.

Сакам да нагласам дека трагајќи по предокот Петре, братот на Онуфрие од мојот род Лалошои, го испитував лицето Јован од вториот свештенички род Попооі кој од Лешок се преселил во Тетово и распрашував насекаде.Дојдов до сознание дека во Тетово се преселил Јован од родот Лешкови, а не Петре од родот Лалошои. За ова сознание најповеќе ми помогна Милица Тулевска од Тетово која е од родот Лешкови и која перфектно знаеше дека нејзиниот род и посебно за предокот Јован дека е со потекло од родот Лешкооі односно Попооі од Лешок и дека се преселил во Тетово.

Така, Г-ѓа Тулевска Милица многу ми помогна и кај мене се избриша една голема дилема која беше запишана на стр. (61) во книгата Лешок од Илија

Петрушевски, која се однесуваше за мојот предок Петре, братот на поп Онуфрие односно поп Онче дека наводно се преселил во Тетово или Велес ( извор: ред. бр. 20).

Така, јас продолжив да трагам за мојот предок Петре и дојдов до сознанија дека друг е Јован и дека Петре(Петроние) неколку години отишол во некој манастир, таму се замонашил и добил црковно име Данаил, потоа се вратил како калуѓер по име Данаил и народот после го викале Данаил, а не Петре.

За да се потврди сознанието за Јован ми помогна многу и Гоце Лешковски од Тетово, кој многу добро го знаеше потеклото на Лешкови, а посебно за лицата преселени во Бугарија од Лешкови ( Михајло и Епса ).



ЖАЛНА ВЕСТ

МИЛИЦА ТУЛЕВСКА род. ЛЕШКОВА

Ожалостени: синовите Владимир и Зоран, снаите Снежана и Весна и внуците Кочо, Марија и Александар

Дневник 24.12.2007 год.

( Милица Тулевска, од родот Лешкови со потекло од Лешок и Тетово почина во 2007 год.)
( Milica Tulevska, of the kin Leshkovi from Lesok, Tetovo, she died in 2007)

Претходните сознанија ми ги потврдија и братот и сестрата Симо Лешков и Љупка Стевковска од Скопје, кои многу добро знаат дека Лешкови потекнуваат од предокот Јован кој од Лешок се преселил во Тетово.



( Фото:Митко Спироски,Лешок, 02.11.2009, Кале, Есенски цветови )
( Foto:Mitko Spiroski,Lesok, 02.11.2009, Kale, Automn flowers )



(Тетово, јуни 2003, Прослава 35 години од Матура, Гимназијата Кирил Пејчинович, среден ред од лево: прв Гоце Лешковски (31) од родот Лешкови Табела 23, а Митко Спироски, трет од лево)
(Tetovo, June,2003, Celebration 35 years of Leaving examination , Gymnasium Kiril Peychinovich in the middle order on the left : first Goce Leshkovski (31) of the kin Leshkovi Table 23, and Mitko Spiroski,third on the left)

Би сакал да напоменам дека неколку институции, организации, фирми, луѓе и сл. досега сум сретнал кои љубовта кон Лешок ја означуваат на разни начини.

Така, манастирскиот комплекс во Лешок го носи името Лешочки и народот масовно го прифатил ова име. Така, и насловот на народната песна која се случила на вистинскиот настан од 1905 година го носи насловот Сардисале Лешочкиот манастир.

Името Лешок го користат и Фадбалскиот и Одбојкарскиот клуб Лешок, потоа Здружението Лешок од Скопје и Клубот Лешок од Детроит го носат името Лешок.

Најповеќе го афирмира Лешок Илија Петрушевски со издавањето на Книгата ЛЕШЕК во 1979 г. и Книгата ЛЕШОК во 2004 г.(извор: ред. бр. 19 и 20).

Неколку лица од Лешок љубовта и потеклото кон Лешок го искажуваат со ставање на името на родното село ( Лешочки, Лешанин, Лешечки и сл.).

Така, јас во двете книги Прирачник за данок на промет на производи и услиги, издавач Македонска книга Скопје 1990 и 1991 издавач Ким Конслатинг Скопје, како и во многу текстови во списанијата и весници (Сметковод. Фин. равија на Македонија Скопје, Информатор, Финансиска пракса, Нова Македонија, Трета програма и др. ) се потпишувам како автор Митко Спироски Лешочки (извор: ред. бр. 39, 49, 70, 72,77 и 82).




( Втората книга,Прирачник за данокот на промет, од 1991 год. со додаток на презимето: Лешочки )
( Second book , Guidebook of sales tax since 1991with surname Lesocki )

Борис Момировски во книгите се потпишува Борис Момировски Лашанин (извор: ред. бр.139).

Петко Ристовски има фурна во Скопје под назив Лешок, а протајереј Стојче Ристовски во некои текстови става Лешечки, во деловната визитка е ставено Божин Кироски Лешечки, потоа на е-маил сретнав дека некој дечко става Герасим Лешечки.

Јас би бил многу среќен јеромонахот Кирил Пејчинович од Македонската православна црква, да се покрене постапка и еден ден да се прогласи за светец, под името Кирил Пејчинович -Лешочки. Мислам дека веќе е покрената некаква процедура и постапка за канонизирање на јеромонахот Кирил во Светец. Со овој чин, на достоен начин, ние потомците-илјадници негови ученици, ќе му се оддолжиме на најголемиот деец од Полог, а јеромонахот во иднина да гоословуваме со: Св. Кирил Лешочки, оти скоро целиот живот го поминува во Лешок.

Во 1919 година кога се склучува Версајскиот мировен договор, група студенти во Лозана Швајцарија кои студирале или работеле таму, испратиле апел-петиција-декларација за независност на Македонија. Меѓу потписниците на петициите е и Крсте Лешков, внук на Јоан од Лешкооj односно Попооj од Лешок. Јоан се отселеил во Тетово 1880 година.

Јас, сум горд што потекнувам од Лешок, едно од ретките села во Македонија со голема култура и традиција.

Анализирајќи го своето потекло во родот Лалошои, кое има долга поповска традиција, наидов во повеќе книги и часописи на драгоцени податоци за моите

претци, но, наидов на значајни податоци и за други фамилии. Една од фамилиите во Лешок е и родот Лешкови односно Попооj, која исто така има долга свештеничка традиција, како и мојата фамилија. Во неколку книги, а посебно во книгата „Селото Лешок„ од авторот Илија Петрушевски кој потекнува од Лешок, издание јили 2004 год. на МИ-АН од Скопје, наидов на податоци дека фамилијата Лешкови, своето потекло го води од родот Поповски од Лешок ( извор: ред.бр. 20).

Јас, во претходните години имам повеќе лични сознанија дека од фамилијата Лешкови има потомци кои живеат во Тетово, Скопје, Софија и др. места.

Најстар од ова фамилија е познат поп Гарвил кој е од родот Лешкооj односно Попооj од Лешок. Поп Гаврил имал четири сина: Исаја, поп Ристо, Трпче и Кочо.

Третиот син на Гаврил по име Трпче, имал еден син кој се викал Јоан ( Јован), кој се отселил во Тетово.

Домашна слава им е Св. Никола, а не Петковден како што пишува Илија Петрушевски во Книгата ЛЕШОК. Ми се чини дека не се најточно искажани податоците за родот Лешкооj односно Попооj или се помешани родовите во книгата на Илија и затоа се појавуваат два празника ( Извор: ред. бр. 20).

Јоан добива благослов од Кирил Пејчинович да се презива односно фамилијата да го носи името Лешкооj, бидејќи Јоан подарил на Црквата ливада која била во кругот на манастирот, а да се заокружи манастирскиот комплекс. Ова ми го кажа Љупка Крстова Стевковска, ќерка на Крсте Лешков и сестра на Александар и Симо Лешков од Скопје. Ова според мене е само приказна, а вистината е дека во едното маало со векови во Лешок имало име Лешко, кое се пренесувало од колено на колено, што се потврдува со двата турски пописи.

Јоан имал пет деца и тоа три сина: Симо, Ѓорче и Михаил и две ќерки Грозда и Епса. Симо и Ѓорче остануваат во Тетово, а Михаил се преселил во Софија. Грозда се мажи во Скопје во родот Ќурапови, а Епса се мажи во Пловдив.

Симо има два сина: Делчо и Крсто и две ќерки Цвета и Ката. Делчо останува во Тетово и има еден син Гоце кој работи во Тетекс Петрол како комерцијалист кој почина во 2006 година. Гоце има син Делчо и ќерка Наде. Со Гоце заедно учевме во Гимназија.

Цвета и Ката остануваат во Тетово и створаат свои фамилии. Цвета од Симо Лешков има три ќерки: Иванка, Славјанка( Цапа) и Убавка и два сина: Благоја и Аце. Иванка се мажи за Томе Крстевски Голубарот ( автор на книгите на песни) и имаат два сина: Ацо и Боби и ќерка Магдалена. Ацо живее во Детроит и има три деца, Боби живее во Тетово и има две деца. Ќерката Магдалена беше лекар, несреќно загина и има две деца. Цапа има две деца од кој едниот е синот Мирче. Убавка е почината и има син и ќерка. Благоја Гоговски е починат и има две деца, од кој ќерката Слаѓана е мажена во Струга.



ГОДИШЕН ПОМЕН

На ден 13.01.2007 год. се навршува една година од смртта на нашиот сакан сопруг и татко

ГОЦЕ ЛЕШКОВСКИ

По тој повод на 13.01.2007 од. (сабота) во 10,30 часот ќе го посетиме неговиот вечен дом на Градските гробишта во Тетово и ќе положиме свежо цвеќе.

*Од семејството*

( Некролог од семејството за Гоце Лешковски, мојот колега од Гимназија,Тетово)
( Necrology of the family for Goce Leshkovski,my colleague of Gymnasium, Tetovo)

Ката од Симо Лешков се мажи за Санко Штакле од Тетово и има три сина: Санко, Борче и Славко. Борче и Санко играат за ФК Граѓански од Скопје и се починати, а Славко работел како правник во Стопанска бака и е починат.

Ѓорче Јованов Лешков има три сина Владо, Круме и Мирче и ќерка Милица.

Трите синови на Ѓорче: Владо, Круме и Мирче млади се починати. Круме студирал во Лиеж Белгија, а Мирче во Швајцарија.

Милица и Кочо Тулевски имаат два сина: Зоран и Владо Тулевски.

Владо Тулевски има син Кочо и ќерка Марија, а Зоран Тулевски има син Александар.



ЕДНОГОДИШЕН ПОМЕН

Се навршува година дена од смртта на нашиот сопруг, татко и дедо

ВЛАДИМИР ТУЛЕВСКИ
новинар

По тој повод на 17.10.2009 год. (сабота) во 10 ч. ќе положиме цвеќе на неговиот вечен дом.
Се е минливо, само мислата за тебе постојано е присатна.

*Твоите: Снежана, Кочо, Марија, Елена, Тамара и Владимир*

Дневник, 16.10.2009

( Тулевски Владимир, Помен, Дневник, Октомври 2009, син на Милица Тулевска од родот Лешкови )
( Tulevski Vladimir, Commemoration , Dnevnik, October ,2009, Milica Tulevska's son of the kin Leskovi )

Владо е новинар и уредник во Нова Македонија, а последните години во Радио Нома и во дневниот весник Вечер. Лично се знаев со Владо Тулевски и од 2001 до 2005 година даваше придонес за објавување текстови во Вечер за активностите на Здружението ЛЕШОК во врска со обновувањето на разурнатата црква Св. Атансие како и за акции за ревитализација на Лешок. Милица Тулевска е сопруга на Кочо Тулевски, кој долги години беше претседател на Собрание на општина,Тетово. Милица Тулевска е ќерка на Ѓорче Лешков, кој е син на Јоан од родот Попооj од Лешок кој се преселил во Тетово.

Мажот на Милица Кочо Тулевски е починат, а почина и Милица Тулевска на 23 12. 2007 година и е погребана на Градските гробишта во Тетово. Милица има напишано фамилијарно стебло со текст за нејзината фамилија, но, јас не сум успеал да ја видам. Нејзин тел. беше 044/337-744, а Владо Тулевски живееше во Скопје, а почина во 2008 година.

Крсте Симов Лешков е прогресивен студент и е еден од потписниците на апелот на студентите од Лозана, Женева и др. за заштита на правата на Македонија и за независност по Првата светска војна и за време на Мировната конференција во Париз и склучувањето на Версајскиот договор, кога Македонија е поделена на три дела. За активностите како студент во Швајцарија и Франција, многу убаво е напишано во книгата Македонија во 18,19 и 20 век од проф. Љубен Лапе (извор: ред. бр.154).



( Крсте Лешков од Тетово и сопругата Берта на Шар Планина )
( Krste Leshkov - Tetovo and his wife Berta - Shar Planina )

Крсте Лешков бил член во раководството на македонските друштва во Швајцарија во 1918-1919 година кои се бореле за зачувување на целоста и независноста на Македонија. Во тоа време во Швајцарија студирале повеќе студенти од разни краеви од Македонија, меѓу кои бил и Крсте Лешков, од Тетово, а кој студирал во Женева. Крсте бил благајник на друштвото. Крсте бил син на Јован кој потекнувал од родот Лешкови односно Попови од Лешок и се преселил во Тетово.

Го издаваат македонското списание „L,independence Macedonienne „ во Швајцарија, а испраќаат и декларација, меморандум и со телеграма на 10.12.1918, 11.01.1919 и 29.03.1919 година до Конференцијата за мир во Версај во Париз.



(Крсто Лешков од Тетово, потекло од Лешкооj односно Попооj од Лешок)
(Krsto Leshkov - Tetovo from Leshkooj in other words Popooj - Lesok)

За време на престојот во Швајцарија, Крсте се запознава со Берта, се жени со Берта и неколку години живеат во Франција.



( Александар Лешков, син на Крсте Лешков)
( Aleksandar Leshkov, Krste Leshkov’s son)



(Крсте Лешков со сопругата Берта на река Пења на Шар Планина)
(Krste Leshkov with his wife Berta by the river Penja - Shar Planina)

Кога доаѓа од Швајцарија односно Франција Крсте Лешков се преселуваат во Скопје и имаат два сина: Александар и Симо и една ќерка Љупка.

Александар Лешков почина 2004 год., кој работи долги години како комерцијалист во Интеримпекс Скопје. Алексанадар има еден син Сашо Лешков и една ќерка Бети Лешкова, кои работат во Мако Маркет Скопје. Бети има син Владимир и ќерка Александра.



(Симо Крстов Лешков од Скопје,лекар, син на Крсто Лешков од Тетово, со потекло од Лешок)
(Simo Krstov Leshkov - Skopje,doctor , Krsto Leshkov's son- Tetovo,origin from Lesok)

Симо Крстов Лешков е роден во Франција, а сега е пензионер- лекар во Скопје, живее во стан бр. 7 на 2 кат во зградата од 10 ката спроти Тутунски комбинат над аптеката од Градски аптеки. Симо Лешков има син економист Роберт Лешков, кој работи во Тутунски комбинат Скопје и една ќерка Кети Јовановиќ, стоматолог, која работи во Берлин. Роберт Лешков има два сина Кристијан Лешков и Симон Лешков, а Кети има една ќерка Бјанка Јовановиќ, исто така, стоматолог.

Љупка Крстова Стевковска работи во Радио телевизија Скопје се до пензионирање и живее на ул. И. Цанкар бр. 131 Влае. Љупка има син Стојанче и ќерка Милка. Стојанче Стефковски кработи во ТВ А-1 и има два сина Дејан и Дарко. Милка се мажи во Сплит на ул. Т. Козјака бр. 7 во Каштел Галеница и има син Никица и ќерка Тања. Никица се жени и живее во Германија и има еден син, додека Тања има син Тони и ќерка Мицика во Сплит.

Синот на Делчо, Гоце се презиваше Лешковски, лично го знам и бевме генерација 1964/68 во Гимназијата Кирил Пејчинович Тетово, нажалост се разболе и почина во 2006 година. Гоце и жена му Цвета работат во Тетекс Тетово. Гоце има син Делчо на постдипломски за компјутери и керка Наде, која студира виолина во Софија.

Стефан Јованов Лешков има два сина Борче и Јован и ќерка Нада. Борче Лешков има две ќерки: Емилија и Стефанија. Емилија има син Кирил и ќерка Марија, а Стефанија има син Иван и ќерка Борјана.



(Борче Лешков, син на Стефан од Тетово)
(Borce Leshkov, Stefan's son- Tetovo)

Јован Лешков има една ќерка Олгица, родена 1949 година. Олгица е мажена за Иван Жан Јанев од Велес и има ќерка Анастазија и син Бојан.

Нада, ќерката на Стефан се мажи во Аџи Галовци во Тетово и има една ќерка Мира и два сина Предраг и Мино. Мира има две ќерки: Јасмина и Виолета. Синот на Нада Предраг се презива Спироски, а има син Јоцко и ќерка Ленче. Вториот син на Нада по име Мино работи во Елетро Полог во Тетово и има ќерка Надица и син Давор.



ЧЕТИРИЕСЕТДНЕВЕН ПОМЕН

На нашиот сакан сопруг и татко

ПРЕДРАГ СПИРОСКИ

По тој повод ги покануваме нашите роднини и пријатели да го посетиме неговиот вечен дом и да положиме свежо цвеќе.
Поменот ќе се одржи на 12.02.2007 год. понеделник во 11 часот на Градските гробишта Бутел.

*Од семејството*

Дневник, 08-02-2007

( Предраг Спироски, син на Нада и внук на Стефан од родот Лешкови од Тетово )
( Predrag Spiroski, Nada's son and Stefan's grandson of the kin Leshkovi - Tetovo )

Михаил Јованов Лешков е четвортиот син на Јован од родот Попооj од Лешок и се преселува во Бугарија во Пловдив, па, после во Софија. Михаил Лешков има син Ѓошо и ќерка Дора.

Во фамилијата повеќето не знаат за понатамошниот род на Михаил, освен што ми кажа Милица Тулевска дека Михаил имал син Ѓошо и ќерка Дора. Гоце Лешковски не знаеше точно да ми каже, но, Гоце Лешковски ми рече дека татко му комуницирал со роднините во Пловдив и Софија. Гоце бил и се сретнал со потомците од нивната фамилија Петар Мисов кој имал два факултета и Гоце му ја

дал книгата Тетово во минатото од Кузман Најденовски. Исто така, Гоце ми рече дека од оваа фамилија бил и Михајло Груев, професор по историја и бил активен во некоја партија и бил член на комисијата на Парламантот на Бугарија за досијеата на Бугарија во 2000-те години. Гоце рече дека имало некој од потомците кој бил во САД и бил голем бизнисмен со бензински пумпи и др., но, не знаеше точно име и презиме и каде е.

Јован од родот Попооj од Лешок имал две ќерки Епса и Грозда, од кој Епса е мажи во Пловдив, а Грозда во Скопје во Ќурапови.

Епса која се мажи во Пловдив Бугарија има две ќерки: Славка и Здравка, а Милица Тулевска ми рече дека сеуште се живи.

Цвета Лешковска, жена на Гоце од Тетово ми рече дека синот Делчо и ќерката Наде во септември 2006 година ќе заминат на гости во Пловдив кај роднините и децата на Епса и ќе дознаат податоци за потомците на Епса.

Грозда втората ќерка на Јован од Лешок, се мажи во Скопје во родот Ќурапови. Грозда има две ќерки: Дара и Ленка и три сина: Душан, Драган и Гашо Ќурапови.

Едната ќерка на Грозда по име Дара има две ќерки: Дора и Лепа и син Перо. Лепа има син Илија и ќерка Емилија, а втората ќерка Ленка е професор во Лондон, не е мажена и починува во Англија и коските се пренесени во Скопје.

Душан Ќурапов првиот син на Грозда има ќерка Светлана, која исто така има една ќерка по име Душица.

Драган вториот син на Грозда Јованова се презива Ќурапов. Драган има син Зоран и ќерка Грозданка. Зоран се презива Ќурапов и има син Драган -по дедо му и ќерка Инес. Грозданка Драганова има син Филип кој живее во Њу Јорк и ќерка Маја која живее во Белград.

Гашо третиот син на Грозда Јованова се сели во Детроит и има син Гилберт и ќерка Дијане.

Потоа, добив податоци и за децата на Стефан Лешков и тоа: Александар Лешков-комерцијалист во Интеримпекс Скопје кој е починат, за брат му Симо Лешков-лекар и за Љупка Лешкова Стевкова- пензионер од МРТВ Скопје со нивните семејства во Скопје.

На ден 23 август 2006 се објави некролог на Борче Лешков , по повод 9 години од смртта, од жената, децата и внуците. Имам слика од некрологот, а имам слика и од Александар -Сашо Лешков, кој почина 2005 година, а има син во Макомаркет Скопје.

X X X